Бр. 02-32/11
19-12-2022 202 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 19 точка 4 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19 и 89/2022) и член 26, став 2, точка 4 од Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром („Службен гласник на општина Аеродром" бр. 12/22), Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавно осветлување на општина Аеродром, на седницата одржана на ден 16.12.2022 година, донесе

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**

**(СЕПТЕМВРИ, ОКТОМВРИ И НОЕМВРИ 2022 ГОДИНА)**

## I. ВОВЕД

Заради континуирано, организирано и квалитетно поставување и одржување на јавно осветлување, под што се подразбира набавка на електрична енергија, изградба и одржување на јавното осветлување и сервисирање на електричната мрежа за уличното осветлување на подрачјето на општина Аеродром, со Деловоден бр. 30120220016329 на 06.06.2022 година, во Централен регистар на Македонија, одобрена е пријавата за регистрирање на Јавно претпријатие за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром, Скопје (ЈП на општина Аеродром – Скопје).

Во извршувањето на наведената дејност се проткаени нашите заложби за континуирана сервисна ориентираност кон граѓаните, обезбедување на висок квалитет на извршените услуги и доследно почитување на принципите за сигурност, континуитет, транспарентнос, достапност и заштита на корисниците и потрошувачите.

Информациите кои се содржани во овој извештај се разбирливи, релеватни, споредливи и навремени, односно истите имаат висок квалитет и преставуваат основа за донесување на соодветна одлука од Советот на општината.

Исто така, со овој финансиски извештај би сакале да информираме за заштедите со формирањето на Јавното претпријатие за стопанисување на јавно осветлување во општина Аеродром.

Во насока на заштеда на електрична енергија, а следејќи ги препораките за надмининување на кризата со електрична енергија, општина Аеродром и Јавното претпријатие од 1 септември донесоа пакет на мерки за штедење на електрична енергија.

Имено,се работи за мерки со кои драстично се намалали потрошувачката на електрична енергија и значително придонесуваат за полесно надминување на енергетската криза во Македонија и сериозниот удар што таа го нанесе врз општинскиот буџет, односно престанок со работата на сите фонтани и исклучување на внатрешното и надворешното осветлување, редуцирано осветлување во парковите на територијата на општината, редуцицирање на уличното осветлување на сервисните улици со кое стопанисува општината, односно работење преку една светилка гасење 2 часа порано од вообичаеното, рефлекторите на спортските игралишта престанаа со работа од 1 октомври.

Во продолжение табеларен приказ на заштеда во kWh со компарација септември – ноември 2021/септември – ноември 2022 година:

**Разлика/заштеда во потрошена електрична енергија за јавно осветлување**
**Компарација септемви - ноември 2021/септември - ноември 2022**

| месец | година | kWh | разлика kWh |
|---|---|---|---|
| септември | 2021 | 222,621 | 80,999 |
| | 2022 | 141,622 | |
| октомври | 2021 | 260,303 | 136,993 |
| | 2022 | 123,310 | |
| ноември | 2021 | 259,175 | 133,773 |
| | 2022 | 125,402 | |
| | | **Вкупно:** | **351,765** |

Согласно прикажаната табела, сведоци сме дека во време на најголемата енергетска криза, јавното претпријтие и општина Аеродром направиле заштеди од 351,765 kWh што по моменталната цена на hupx - берзата, претворено во пари би чинело повеќе од **9.000.000, денари,** што значи дека овие средства се заштеда во Буџетот на општина Аеродром само од јавното осветлување и дополнително на ова додадени средствата заштедени по основ на преминот на регулиран пазар и користење на регулирана цена која е во висина од 13.8204 за висока тарифа и 10.1348 за ниска тарифа.

Понатаму, согласно законските прописи во месец септември со формирањето на Јавното претпријатие за стопанисување на јавно осветлување, 200 броила преминаа на стопанисување на

претпријатието, односно почитувајќи го член 3 став 1 алинеја 36) од Законот за енергетика во кој е наведено дека „мал потрошувач" на електрична енергија е субјект чиј просечен број на вработени во последните две пресметковни години е помалку од 50 вработени и има вкупен годишен приход помал од два милиони евра во денарска противвредност, со исклучок на производителот на електрична енергија и операторот на системот за пренос и системот за дистрибуција на електрична енергија односно природен гас и по исполнување на горенаведените услови како мали потрошувачи, броилата премина на регулиран пазар и во моментов се снабдуваме по регулирана цена која е во висина од 13.8204 за висока тарифа и 10.1348 за ниска тарифа.

## II. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Согласно меѓународните стандарди за финансиско известување, меѓународните стандарди за сметководство и добрата пракса за одговорно и транспарентно работење, во продолжение на овој документ е презентиран Тримесечен извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие на јавно осветлување на општина Аеродром, за период од 01.09.2022 до 30.11.2022 година (септември – ноември), а истиот се усвојува од страна на Управниот одбор согласно член 19 од Законот за јавните претпријатија.

## III. ЦЕЛ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Најзначајните карактеристики на финансиските извештаи е што истите се изготвуваат на пресметковна основа во сметководството. Настанатите трансакции треба без одложување да се евидентираат во сметководствената евиденција која е основа за изготвување на финансиските извештаи. На овој начин се даваат информации не само за минатите настани кои вклучуваат плаќање или примање на парични средства, туку и за обврски за кои треба да се платат парични средства во идниот период.

## IV. ЕЛЕМЕНТИ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Извештајот за финансиската состојба ги прикажува вредноста на средствата, обврските и капиталот на ентитетот на одреден датум. Вредноста на средствата е еднаква на обврските плус капиталот. За мерењето на финансиската состојба се пропишани неколку елементи:

- Средствата;
- Обврските;
- Главнината/ капиталот.

Средствата претставуваат ресурс контролиран од страна на претрпијатието како резултат на минати настани од кој се очекува прилив на идни економски користи за претпријатието.

Обврската претставува сегашна облигација на претпријатието која произлегува од минати настани, за чиешто подмирување се очекува одлив на ресурси на претпријатието кои содржат економски користи. Обврската треба да претставува сегашна обврска односно обврска која на денот на известувањето не е подмирена. Треба да се прави разлика помеѓу сегашната обврска и идното обврзување. Покрај наведеното, треба да се истакне дека се дозволува обврските да се искажат и кога се врши проценка, односно резервирања за одделни идни настани.

Капиталот е остатокот на учеството во средствата на претпријатието по одземањето на сите негови обврски. Износот на главнината прикажана во билансот на состојба зависи од мерењето на средствата и обврските. Покрај главнината, можно е создавање на резервите кои се резултат на законската регулатива или согласно барањата од статутот на претпријатието.

Приход е бруто прилив на економски користи кој произлегува во текот на редовните активности на претпријатието во периодот кога овие приливи резултираат во зголемување на главнината.

Расход е намалување на економските користи во текот на сметководствениот период во вид на одливи или намалување на средства или правење на обврски кои резултираат во намалување на главнината.

## V. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Трошок за откуп (плаќање) на електрична енергија – Овој трошок претставува главна компонента за да се направи откуп (плаќање) на електрична енергија со цел да се сервисира јавното осветлување на територијата на општина Аеродром и е во износ од 6.390.013,00 денари за месеците септември, октомври и ноември 2022 година.

Септември – **2.266.688,00 денари**

Октомври – **2.010.555,00 денари**

Ноември – **2.112.770,00 денари** (недоспеани обврски, доспева на 20.12.2022)

Останати трошоци – Во оваа група се класифцирани трошоците кои се настанати како резултат од тековното работење, односно вршење на деловните активности на јавното

претпријатие, обврски за плати, придонеси, услуги од други (сметководствени услуги, адвокатски и нотарски услуги), материјални трошоци за административно работење (печати и др.) и банкарски трошоци (провизии) се во износ од 155.616,00 денари за месеците септември, октомври и ноември 2022 година.

**Вкупните трошоци за период септември – ноември се во износ од 4.432.859,00 денари.**

**Скопје, 2022 година**

**ЈП на општина Аеродром**
**В.Д Директор**
**Благоја Ѓоргиевски**
---------------------------------------

Јавно претпријатие за стопанисување на општина Аеродром Скопје ... Јавно осветлување
М.П.

**Претседател на**
**Управен одбор**
**Николче Златевски**
---------------------------------------

Јавно претпријатие за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром

Бр. 02-32-12
19-12-2022 202__ год.
СКОПЈЕ

Управниот одбор на ЈП за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром на предлог на В.Д Директорот на ЈП, а врз основа на член 20, точка 7 од Статутот на ЈП за стопанисување на јавно осветлување, и согласно член 11, точка 7 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 89/22) на својата четврта редовна седница одржана на ден 16.12.2022 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за давање согласност на Тримесечен извештај за финансиско работење на ЈП за стопанисување на јавно осветлување

1. Со оваа Одлука се дава согласност на Тримесечен извештај за финансиско работење на ЈП за стопанисување на јавно осветлување, за период (септември, октомври и ноември 2022 година).
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*Образложение*

Трошок за откуп (плаќање) на електрична енергија – Овој трошок претставува главна компонента за да се направи откуп (плаќање) на електрична енергија со цел да се сервисира јавното осветлување на територијата на општина Аеродром. Вкупните трошоци се во износ од 4.277.243,00 денари за период (септември, октомври и ноември 2022 година) година. Овој трошок е најголема компонента во вкупните трошоци.

Останати трошоци – Во оваа група се класифцирани трошоците кои се настанати како резултат од тековното работење, односно вршење на деловните активности на јавното претпријатие, обврски за плати, придонеси, услуги од други (сметководствени услуги, адвокатски и нотарски услуги), материјални трошоци за административно работење (печати и др.) и банкарски трошоци (провизии) се во износ од 155.616,00 денари за месеците септември, октомври и ноември 2022 година.

**Вкупните трошоци за период септември – ноември се во износ од 4.432.859,00 денари.**

Претседател на Управен одбор

Николче Златевски

Јавно претпријатие за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром Скопје

Јавно претпријатие за стопанисување на
јавно осветлување на општина Аеродром

Бр.02 - 29/3
15 -12- 2022 202 ___год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 27 став 3 и став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РСМ бр. 38/96, 9/97, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19 и 89/2022) и член 34 став 3 од Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром („Службен гласник на општина Аеродром" бр. 12/22), Надзорниот одбор на својата 2-та седница одржана на ден 14.12.2022 година го донесе следното

МИСЛЕЊЕ

1. Се прифаќа Тримесечниот финансиски извештај кои содржи показатели за финансиското работење за остварените резултати од работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром за периодот Септември - Ноември 2022 година

2. Мислењето да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром,до Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски.

Надзорен одбор за контрола на
Материјално-финансиско работење
на ЈП на општина Аеродром
Претседател

Ненад Јовановски

Јавно претпријатие за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром • Скопје